СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
НА ОПШТИНА ВИНИЦА

ГОДИНА LXI Бр. 11	Виница 02 Декември 2024г.	ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА

384

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Одлука за проширување на средствата во Буџетот на Општина Виница за 2024 година

1.Се објавува Одлуката за проширување на средствата во Буџетот на Општина Виница за 2024 година, донесена на 36-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 29.11.2024 година.

2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-1098/2
29.11.2024 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл. геодет.инг Миле Петков с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 34 од Законот за Буџетите (Сл.весник на РМ бр.64/05, 4/08,103/08,156/09,95/10,180/11,171/12,192/15 и 167/16 и Сл.весник на РСМ бр. 151/21) и член 21 од Статутот на Општина Виница (Сл.гласник на Општина Виница бр.08/10, 12/14 и 4/19), Советот на Општина Виница на 36-та седница одржана на 29.11.2024 год. донесе

О Д Л У К А
за проширување на средствата на Буџетот на Општина Виница
за 2024 година

член 1

Со оваа Одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на Општина Виница за 2024 година , на следниот начин:

Потпрограма / Потставка			САМОФИН.	ДОТАЦИИ	ДОНАЦИИ	КРЕДИТИ
Се зголемуваат приходите на следните потставки:						
А00		**СОВЕТ НА ОПШТИНА**				
	741120	Блок дотации на општината по одделни намени	0	1,637,000	0	0
			0	**1,637,000**	**0**	**0**
и се распределуваат на следните расходни потставки:						
Н10		**ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**				
	421110	Електрична енергија	0	40,000	0	0
	421120	Водовод и канализација	0	85,000	0	0
	421220	Дрва	0	40,000	0	0
	421320	Телефон и телефакс	0	20,000	0	0
	423610	Наставно-образовни помагала	0	55,000	0	0
	424210	Одржување на згради	0	150,000	0	0
	424220	Услуги за обезбедување на објекти	0	18,000	0	0
	424420	Поправки и одржување на софтверска и хардверска опрема	0	15,000	0	0
	425760	Превозни услуги во образованието	0	150,000	0	0
	425990	Други договорни услуги	0	60,000	0	0
	480190	Купување на друга опрема	0	504,000	0	0
Н20		**СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ**				
	401130	Основни плати-други вработени	0	65,000	0	0
	401310	Персонален данок на доход од плата	0	5,000	0	0
	402110	Основни придонеси за ПИО	0	10,000	0	0
	402210	Основни придонеси за здравство	0	4,000	0	0
	402220	Основен придонес за професионално заболува	0	1,000	0	0
	421110	Електрична енергија	0	30,000	0	0
	421220	Дрва	0	62,000	0	0
	423410	Прехранбени продукти и пијалоци	0	10,000	0	0
	424210	Одржување на згради	0	211,000	0	0
	425740	Дополнителни активности	0	60,000	0	0
	425760	Превозни услуги во образованието	0	42,000	0	0
			0	**1,637,000**	**0**	**0**

член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и станува составен дел на Буџетот на Општина Виница за 2024 година а ќе се објави во Службен гласник на Општина Виница.

Бр.09-1098
29-11-24
Виница

СОВЕТ НАОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Ацо Ѓорѓиевски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010,12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Решение за формирање на Комисија за изготвување на Предлог-Програма за работа на Советот на Општина Виница за 2025 година

1.Се објавува Решението за формирање на Комисија за изготвување на Предлог-Програма за работа на Советот на општина Виница за 2025 година, донесена на 36-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 29.11.2024 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-1099/2
29.11.2024 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл. геодет.инг Миле Петков с.р.

Врз основа на член 21 став 1 точка 38 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Советот на општина Виница на 36-та седница одржана на ден 29.11.2024 година, донесе:

РЕШЕНИЕ

За формирање на Комисија за изготвување Предлог-Програма за работа на Советот на општина Виница за 2025 година

Член 1

Се формира Комисија за изготвување Предлог-Програма за работа на Советот на општина Виница за 2025 година, во состав:

- Ацо Ѓорѓиевски
- Александар Јованов
- Дивна Анастасова
- Гоце Милевски
- Зоран Ристовски

Член 2

Комисијата има за задача да ја изготви Предлог-Програмата за работа на Советот на општина Виница за 2025 година.

Член 3

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-1099
29.11.2024 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.геолог Ацо Ѓорѓиевски

386

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Програма за свечен дочек на Новата 2025 година

1.Се објавува Програмата за свечен дочек на Новата 2025 година, донесена на 36-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 29.11.2024 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-1100/2
29.11.2024 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл. геодет.инг Миле Петков с.р.

Врз основа на член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Советот на општина Виница на 36-та седница одржана на ден 29.11.2024 година, донесе:

ПРОГРАМА

За свечен дочек на Новата 2025 година

По повод Новогодишните и Божиќните празници како и дочекот на Новата 2025 година, Градоначалникот на општина Виница планира да спроведе одредени активности за одбележување на овие настани.
Се планираат повеќе активности и тоа:

1.Украсување на градот и населените места во општина Виница како и на Плоштадот „Ангел Винички“, за кое нешто се планирани средства во износ од 200.000,00 денари.
2.На 31.12.2024 година-новогодишната ноќ се планира посета на дежурните служби во институциите кои оваа ноќ ќе ја поминат работно и на истите ќе им бидат поделени подароци, за што се планираат средства во износ од 50.000,00 денари.
3.Општина Виница ќе испечати рекламен материјал: нотеси пенкала и слично, во износ од 60.000,00 денари.
4.По повод Новогодишните празници, Градоначалникот заедно со Советот на општина Виница ќе ги посети и децата кои претстојуваат во детската градинка, првачињата во општинските училишта како и децата од дневниот центар за деца со посебни потреби и на нив ќе им подари пакетчиња, за што се планирани средства во висина од 90.000,00 денари.
За сите погоре наведени активности се планирани средства во вкупен износ од 400.000,00 денари.
Програмата влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-1100
29.11.2024 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.геолог Ацо Ѓорѓиевски

387

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Одлука за утврдување на ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА БЛОК 18 дел 1, 2 и 5 Општина Виница

1.Се објавува Одлуката за утврдување на ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА БЛОК 18 дел 1, 2 и 5 Општина Виница, донесена на 36-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 29.11.2024 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-1101/2
29.11.2024 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл. геодет.инг Миле Петков с.р.

Врз основа на член 27 точка 4 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. весник на РСМ број 32/20, 111/23“) и член 21 став 1 точка 7 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Советот на општина Виница на 36-та седница одржана на ден 29.11.2024 година, донесе:

ОДЛУКА
За утврдување на ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА БЛОК 18 дел 1, 2 и 5 Општина Виница

Член 1
Се доставува ДУП за град Виница за Блок 18 дел 1, 2 и 5 - Општина Виница кој во основа е работен во согласност со Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ број 32/20, 111/23“) и Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ број 225/20, 219/21, 104/22, 99/23“).

Член 2
Планскиот опфат на кој е вршена потребната анализа за изработка на предметниот ДУП е ограничен со следниве улици:
- на север по оската на ул. „Илинденска“, ул.„Ванчо Прке“, ул.„Гоце Делчев“;
- на исток по осовина на ул.„Гоце Делчев“, ул.„Македонска“ и граница на градежен опфат на ГУП;
- на југ по граница на градежен опфат на град Виница;
- на запад по граница на регулација на Градечка река и по граница на градежен опфат на ГУП Виница. Границата на планскиот опфат е определена со следните координати:
Површина 249.316.36 м2.

Член 3
ДУП за град Виница за Блок 18 дел од 1, 2 и 5 - Општина Виница ги опфаќа следните намени:
-А1-Куќи за домување; о Куќи за домување со информативна линија о Куќи за домување со развој

-В5 - Градби за вршење на верски и други обреди - В5.2-џамија;
-Е1.6 - Градби за пречистување на отпадни води;
-Е1.5/Е1.9/Е1.8-резервоар/телекомуникациски водови/Трансформаторска станица
-Д1-градби од живо зеленило Д1.1-јавни паркови, зелени скверови;
-Е1.1-сообраќајна патна инфраструктура.
Заради флексибилност на планот, на основните намени во планот, се дава можност за добивање на комплементарни, компатибилни и алтернативни намени.

Член 4

За продолжување на постапката на предметниот ДУП во системот е-урбанизам потребно е утврдување и одобрување на нацрт верзија од Советот на општината.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-1101
29.11.2024 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.геолог Ацо Ѓорѓиевски

388

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Решение за разрешување член на Училишен обор на СОУ „Ванчо Прке“ - Виница

1.Се објавува Решението за разрешување член на Училишен одбор на СОУ „Ванчо Прке“ - Виница, донесено на 36-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 29.11.2024 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-1102/2
29.11.2024 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл. геодет.инг Миле Петков с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ број 5/2002“) и член 21 став 1 точка 28 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010,12/2014, 4/2019, 12/2022“), а по Барање број 09-1063 од 19.11.2024 година, Советот на општина Виница на 36-та седница одржана на ден 29.11.2024 година, донесе:

РЕШЕНИЕ

За разрешување член на Училишен обор на СОУ „Ванчо Прке“ - Виница

Член 1

Членот на Училишниот одбор на СОУ „Ванчо Прке“-Виница Билјана Темелкова Јованова од Виница, именувана со Решение број 09-1049 од 27.12.2021 година, се разрешува на свое барање.

Член 2

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-1102
29.11.2024 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.геолог Ацо Ѓорѓиевски

389

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Решение за именување член на Училишен одбор на СОУ „Ванчо Прке“- Виница

1.Се објавува Решението за именување член на Училишен одбор на СОУ „Ванчо Прке“ - Виница, донесено на 36-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 29.11.2024 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-1103/2
29.11.2024 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл. геодет.инг Миле Петков с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ број 5/2002“) и член 21 став 1 точка 28 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010,12/2014, 4/2019, 12/2022“), Советот на општина Виница на 36-та седница одржана на ден 29.11.2024 година, донесе:

РЕШЕНИЕ
За именување член на Училишен одбор на СОУ „Ванчо Прке“ - Виница

Член 1
За член на Училишниот одбор на СОУ „Ванчо Прке“ - Виница, се именува:

- Дејан Михајлов од Виница

Член 2
Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-1103
29.11.2024 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.геолог Ацо Ѓорѓиевски

390

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ
За објавување на Програма за култура и спорт на Општина Виница за 2025 година

1.Се објавува Програмата за култура и спорт на Општина Виница за 2025 година, донесена на 36-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 29.11.2024 година.

2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-1104/2
29.11.2024 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл. геодет.инг Миле Петков с.р.

Врз основа на член 7 од Законот за култура („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/1998; 49/2003; 82/2005; 24/2007; 116/2010; 47/2011; 51/2011; 136/2012; 23/2013; 187/2013, 44/2014; 61/2015; 154/2015; 39/2016 и 11/2018), член 36 став 1 точка 15 а во врска со член 22 став (1), точка 5 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002), Советот на Општина Виница на 36-та седница одржана на ден 29.11.2024 година, донесе :

ПРОГРАМА ЗА КУЛТУРА И СПОРТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА ЗА 2025 ГОДИНА

I. ВОВЕД

Со оваа Програма Општина Виница , како локална самоуправа, самостојно, во рамките на законот ги уредува и врши работните дејности од јавен интерес од локално значење во областа на културата и спортот, утврдени со Законот за локална самуправа и Законот за култура.

Со членот 22 од Законот за локална самоуправа е утврдена Листа на надлежности на општините. Согласно точка 5 став 1 на овој член, општините се надлежни за вршење работи во областа на културата- институционална и финансиска поддршка на културните установи и проекти; организирање на културни манифестации; поттикнување на разни специфични форми на творештво; негување на фолклорот, обичаите и сл.

Согласно членот 7 од Законот за култура (1) Локален интерес во културата, во смисла на овој закон, е културата што е јавен интерес од локално значење за граѓаните во единиците на локалната самоуправа. (2) Локалниот интерес во културата, неговиот обем и неговото остварување се утврдуваат со општите акти на единиците на локалната самоуправа. (3) Локалниот интерес во културата се финансира согласно со програмата за култура што ја донесува советот на единицата на локалната самоуправа, согласно со закон. (4) Локалниот интерес во културата се остварува согласно со овој закон, прописите за локалната самоуправа и за одделните дејности во културата.

Со програмата за култура и спорт на Општина Виница за 2025 година се опфатени активности кои се насочени кон поддршка, организирање и реализирање на настани и манифестации од области на културата и спортот кои се од интерес на локалната заедница. Активностите ќе бидат реализирани преку обезбедување на институционална и финансиска поддршка на културни установи и проекти, заживување на урбаната култура и поголемо вклучување на младите во нејзиното креирање, негување на фолклорот и обичаите, организирање на културни манифестации, зголемување на спортскиот и натпреварувачкиот дух во заедницата и поттикнување на разновидни специфични форми на творештво.

II. ЦЕЛИ

Програмата за култура и спорт на Општина Виница за 2025 година ги определува стратешките приоритети на општината преку поддршка на сите облици на остварување на

културата и спортот на локално ниво, пред се заради остварување на нејзините основни цели, а тоа се:

- Основни цели

1. Сочувување, афирмирање и поддршка на културниот идентитет на Општина Виница;
2. Создавање услови за развој на културата и спортот;
3. Сочувување и афирмирање на духовното и материјалното наследство на Општина Виница.

- Специфични цели:

1. Квалитетен културен и спортски живот на ниво на општина преку обезбедување на богата и разновидна програма за сите возрасти;
2. Стимулирање и поддршка на разни партнерски меѓународни проекти;
3. Презентирање и афирмирање на современо општество, урбана култура и јавна уметност;
4. Унапредување на меѓународната културна комуникација врз реципрочна основа со збратимените општини;
5. Вклученост на повеќе субјекти и финансирање од повеќе извори.

III. АНАЛИЗА

Локалната самоуправа на Општина Виница, преку одговорните сектори и одделенија за реализирање на Програмата за култура и спорт на Општина Виница за 2024 година, ги има остварено основните и специфичните цели на програмата со реализирање на 95% од зацртаните активности.

Во 2024 година се реализирани настани и манифестации кои се значајни на локално ниво но и со меѓународен карактер.

- На манифестацијата „Спортски асови 2023“ наградени се спортисти во неколку видови спорт. Од наградените спортисти и спортски работници сите се припадници на машки пол.
- Според објавениот конкурс за најдобра поетска творба, наградени се вкупно 11 ученици од основните општински училишта и средното општинско училиште, од кои сите 11 се девојчиња.
- Реализирани се неколку настани на кои учество зедоа претставници од сите општински училишта. Тоа се настаните и манифестациите како „Априлијада 2024’, Тодорови трки 2024“, „Ден на пролетта“„Одбележување на Павловден“ и „1-ви септември“.
- Реализирани се сите проекти кои беа предвидени во соработка со општинските установи. Тука спаѓаат: промоција на книги, поддршка на изложби, фестивали (Истибањско здравоживо и ИН Виница Веритас), одбележување на верски празници, значајни датуми и личности и сл.
- Наградени ученици од државни натпревари, првенци на генерацијата и најдобритите 5 матуранти од СОУ„Ванчо Прке“ Виница.

ОРГАНИЗАЦИЈА , ФИНАНСИРАЊЕ И ПОДДРШКА НА НАСТАНИ, МАНИФЕСТАЦИИ И АКТИВНОСТИ ВО ОБЛАСТНА НА КУЛТУРАТА И СПОРТОТ ВО ОПШТИНА ВИНИЦА

Манифестации настани	Мерки	Активности	Носители на активности	Извори на средства	
				ЕЛС	Други извори на средства
Водици	1.Следење на ритуалот на фрлање на Светиот крст во осветените води, 2.Обезбедување на награди за сите кои успеваат да го фатат светиот крст	Врачување на наградите и продолжување на традицијата	Градоначалникот на Општина Виница, членовите на Советот на Општина Виница и свештените лица од Црковните Храмови во Општина Виница	40.000,00	
30 јануари Спортска манифестација „Спортски асови 2024“	1.Формирање на комисија; 2.Објавување на јавен повик за аплицирање за избирање на спортисти за 2024 година	Врачување на награди за: 1.Спортист на годината; 2.Спортси работник; 3.Спортски клуб: 4.Тренер на годината	Општина Виница	60.000,00	
21- фебрураи, настан	1.Распишување на јавен конкурс за избор на поетска творба; 2.Формирање на стручна комисија за избор на најдобри поетски творби	Врачување на награди за најдобрите три поетски творби	Општина Виница и ЈОУ Библиотека „Ванчо Прке“ Виница	10.000,00	10.000,00 ЈОУ „Ванчо Прке“ Виница
4 март - настан по повод оддавање почит на	1.Организација за настанот (рецитали и обраќања) 2.набавка на свежо цвеќе за	Собир на граѓани и оддавање почит кон капетан Кирчо Димитриов	ОпштинаВиница и Резервен состав на офицери	3.000,00	

Кирчо Димитриов	положување на спомен бистата на Кирчо Димитриов				
Март - Тодорова сабота Манифестација „Тодорови трки“	1.подготовка на програма 2.Обезбедување на награди; 3.организација за настанот 4.формирање на стручна комисија	1.свечено отворање на трките 2.спроведување на трките по претходно утврден редослед 3.врачување на награди за првите тројца натпреварувачи	Општина Виница	100.000,00	Бизнис сектор од Општина Виница
21 март - Ден на пролетта	1.набавка на садници 2.распоредување на садниците на основните училишта	Засадување на садници	Општина Виница и општинските училишта	20.000,00	
1 април Манифестација „Априлијада 2025“	1.Известување до директорите на училиштата за начинот на изработка на маски; 2.обезбедување на награди 3.формирање на стручна комисија за избор на најдобри маски	Реализирање на настанот, врачување на награди и музички блок	Општина Виница, основните општински училишта и детската градинка „Гоце Делчев“	30.000,00	
8 април - Ден на ромите	Прием на членови на ромската заедница кај Градоначалникот	Одбележување на Денот на ромите	Општина Виница	15.000,00	
18 мај- Ден на музеите	Подготовки на Музеј Теракота	Одбележување на Ден на музеите	Музеј Теракота	10.000,00	
24 мај, Ден на просветните работници	1.Известување до раководството на сите општински училишта за формирање на комисија и	Прогласување на најдобрите наставници и врачување на награди	Општина Виница и општинските училишта	40.000,00	

	утврдување на критериуми за избор на најдобар еден оделенски наставник и еден предметен наставник				
Крај на месец јуни- матурски бал	1.Подготовка на матурантите за матурски бал 2.обезбедување на музички блок за матурантите	Реализирање на матурски бал на плоштад Ангел Винички	Општина Виница и соу„Ванчо Прке“ Виница	15.000,00	
13 јули, Павловден	1.Изготвување на програма за одбележување на денот 2.обезбедување на награди за: ученици на генерација,најдобар полицаец,најдобар пожарникар, најдобро медицинско лице, најдобар спортист,промотор на културата	Реализирање на програмата	Општина Виница	300.000,00	
Иселеничка средба-почеток на месец август	Поддршка на настанот кој се организира од страна на Здружение на иселеници „Камен мост“	Присуство на настанот и обезбедување средства	Општина Виница, здружение „Камен мост“	60.000,00	
30 август, Ослободување на градот Виница	Подготовка на програма	Реализирање на програмата	Општина Виница, училиштата, Ротари, бизнис сектор и сите општински институции	700.000,00	
1 ви септември	Еднократна парична помош за сите првачиња	Свечен прием на првачињата	Општина Виница, општински	Средствата се одобруваат со одлука	

			основни училишта	донесена на совет	
6-12 септември-ММФ Истибањско здравоживо	Финансиска поддршка		Општина Виница	500.000,00	
Крај на месец октомври-Фестивал на хумор и сатира „Ин Виница веритас“	Финансиска поддршка		Општина Виница	60.000,00	
3ти декември – Меѓународен ден а лицата со попреченост	Подготовка на програма за одбележување на денот	Одбележување на денот со реализирање на програмата	Општина Виница, Дом на култура „Тошо Арсов“ и Центарот за згрижување на лица со попреченост	20.000,00	
20-30 декември Новогодишен хепенинг	Подготовка на програма, организирање на настани	Реализирање на програмата	Општина Виница, Дом на култуа „Тошо Арсов“, Музеј „Теракота“, сите општински училишта	100.000,00	
01-30 август Културно лето на Општина Виница	Подготовка на програма		Општина Виница, Дом на култуа „Тошо Арсов“, Музеј „Теракота“, сите општински училишта	600.000,00	

Забелешка: Општина Виница ќе учествува и во финансирање на проекти кои се поднесени од страна на локалните установи од културата на годишниот конкурс за проекти од национален интерес во културата за 2025 година, доколку проектите бидат изберени од Министерството за култура.

Општина Виница ќе учествува и во финансирање на проекти поднесени од здруженија на граѓани, установи и физички лица доколку се во делокругот на целите на оваа предлог - програма и се од значаен карактер за развивање на културниот и спортскиот живот на локално ниво. Поддршката на институциите е допринос кој треба на истите да им помогне

во профилирањето како места од каде директно ќе се практикува културата. Според сознанијата и искуствата потребно е подиректно вмрежување на овие институции со цел нивните вредности кои ги промовираат да бидат ставени во функција во развој на културниот живот во општината. Општината во рамки на своите надлежности ќе биде во тесна соработка со Музеј „Теракота“, Домот на култура „Тошо Арсов“, ЈОУ Библиотека „Ванчо Прке“ и други установи, со цел богатството од многуте културно- историски споменици биде подостапно на граѓаните на општината, бидејќи истите по наше убедување се најдобриот промотор на културниот капацитет на општината.

Финансиски извори и ресурси за спроведување на Програмата

За спроведување на Програмата ќе се искористат расположливите човечки и технички ресурси од Општинската администрација. За реализирање на Програмата за култура и спорт од Буџетот на Општина Виница потребно е да бидат издвоени финансиски средства во висина од 2 683 000 денари.

Програмата влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Виница“.

Број 09-1104
29.11.2024 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.геолог Ацо Ѓорѓиевски

391

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Програма за комуникација со јавноста, транспарентност и промоција на Општина Виница за 2025 година

1.Се објавува Програмата за комуникација со јавноста, транспарентност и промоција на Општина Виница за 2025 година, донесена на 36-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 29.11.2024 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-1105/2
29.11.2024 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл. геодет.инг Миле Петков с.р.

Врз основа на член 8 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весникна РМ бр 5/2002“) и член 86 до член 95 од Статутот на Општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр. 08/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Советот на општина Виница на 36-та седница одржана на ден 29.11.2024 година, донесе:

Програма за комуникација со јавноста, транспарентност и промоција на Општина Виница за 2025 година

1.Вовед

Комуникацијата со јавноста претставува суштински елемент во функционирањето и управувањето на секоја отворена и отчетна локална самоуправа, согласно со највисоките европски и светски стандарди и претставува континуиран процес кој што овозможува двонасочен проток на информации меѓу општината и целните групи на граѓани. Ваквата цел ќе се остварува преку секојдневно и отворено информирање на граѓаните за работата на Општината и нивно активно учество во процесот на креирање политики и нивно спроведување.
Бидејќи комуникацијата со јавноста е приоритет во воспоставување на добри релации на локалната самуправа со граѓаните и сите корисници на услугите на Општината, од тука произлезе и потребата за подготовка на оваа Програма која се базира на искуствата во работењето на Службата за Комуникација со јавноста во Општина Виница во изминатава година.
Програмата овозможува идентификација на приоритетите во рамките на сложениот процес на комуникација со јавноста, како и јасно лоцирање на расположливите капацитети на овој план.
Освен интензивната комуникација со претставниците на средствата за јавно информирање, Програмата овозможува реализација на најзначајни активности за презентација и промоција на планираните активности и резултатите на Општината, можностите за вклучување на граѓаните во процесите на локално ниво како и подготовка на неопходен промотивен материјал за жените и мажите, девојчињата и момчињата на Општина Виница.

2.Цели на Програмата за комуникација

Општи цели на програмата за комуникација се:

1.Да се одржува редовна и навремена комуникација со јавноста, да се обезбеди целосна транспарентност и јавност во работењето на општината со што ќе се зголеми довербата на граѓаните во општината и нивното активно учество во локалните процеси.
2.Зајакнување на капацитетите во Општината преку континуирано работење за подобрување на потенцијалите на човечките ресурси и техничките капацитети на Општината, кои се неопходни за остварување на внатрешната комуникација како и комуникацијата со јавноста.

Специфични цели:

1. Зголемено ниво на информираност на сите целни групи на граѓани и нивно подобро запознавање со работата, услугите и резултатите од работата на Општината;

2. Двонасочна комуникација, односно, поголема вклученост на жените и мажите, девојчињата и момчињата во актиности од заеднички интерес и во процесот на донесување одлуки во насока на градење имиџ на отворена општина;
3. Подобрување на квалитетот на општинските комуникациски капацитети;
4. Подобрување на системот за внатрешна комуникација и информираност на вработените;
5. Комуницирање во насока на промоција на Општината и нејзино активно вклучување во реализација на кампањи со цел подигање на јавната свест за поедини прашања во општеството;
6. Привлекување поголем број на туристи и потенцијални инвеститори:

• Создавање на нови проатрактивни промотивни материјали;
• Изработка на нови стратешки документи.

Вредности и принципи:

• Комуникацијата со јавноста што ќе ја спроведува Општина Виница е составен дел од сите активности на Општината;
• Процесот на комуникација е јасен, разбирлив и родово сензитивен;
• Процесот на комуникација забранува дискриминација по било кој основ и употреба на говор на омраза
• Комуникацијата е навремена;
• Комуникацијата е отворена, чесна и искрена;
• Информациите се вистинити и достапни до сите;
• Комуникацијата меѓу општината и сите целни групи е двонасочна.

3. Законска рамка/ Оправданост

Обврската на Општина Виница за информирање на јавноста произлегува од членот 8 од Законот за локална самоуправа(Сл. Весник“на РМ бр 5/2002), како и од одредбите од Законот за буџетите, Законот за јавен долг, Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, Законот за еднакви можности на жените и мажите(„Сл. Весник“ бр. 201/15), Закон за спречување и заштита од дискриминација („Сл.Весник на РСМ бр.258/20 член 5), Стратегија за транспарентност на Владата 2023/2026 и др., како и Глава VI Информирање на граѓаните и слободен пристап до информациите од јавен карактер (од член 86 до член 95) од Статутот на Општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр. 08/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“).

4.Анализа на состојба

Комуникацијата со јавноста е континуиран процес што овозможува двонасочен проток на информации помеѓу општината и целните групи граѓани, така што претставува еден од најзначајните сегменти од функционирањето на една локална самоуправа согласно највисоките европски и сведски стандарди.

За 2023 година е направено евалуација која е непристрасна, независна и врз основа на реални факти и достапни информации. Како извори на податоци се користени општинската веб-страница, социјалните мрежи и објавите за општината на локалните, регионалните и националните медиуми.

4.1 Активна транспарентност

• Во 2023 година се објавени 237 новости на веб страната и социјалните мрежи на Општина Виница.
• Во 2023 година објавени се 5 електронски изданија на Општински информатор ВИНЕАМ, исто толку се испечатени.
• Во 2023 година објавено е е-отчет за две години локална власт.
• Според евиденцијата на Секторот за финансии и буџет на Општина Виница, во Општина Виница има 7230 даночни обврзниц/сопственици.

4.2. Реализирани активности со родово разделени податоци

• Од економските оператори кои аплицираат на општинските тендери од вкупниот број 26 учествувале 83 правни лица од кои 4 се управувани од жени а 79 управувани од мажи.
• Од 16 месни и урбани заедници во Општината, сите активни членови на урбаните и месните заедници во Општина Виница се мажи. При формирање на новиот состав на месните и урбаните заедници потребно е да се анимираат жените во Општина Виница да се вклучат во работата на месните и урбаните заедници, како основна клетка за детекција на проблемите и решавање на приоритетите во општината.
• На четирите форумски сесии во рамките на Форумот на заедницата организиран преку програмата „Зајакнување на општинските

совети“, учествувале вкупно 326 граѓани од кои 140 мажи и 186 жени.

- ФБ-профилот на градоначалникот во 2023 година го прегледале 128.533 граѓани од кои 52,8% се жени а 47,2% се мажи.
- Општинскиот профил во 2023 година го прегледале 147.628 граѓани од кои 53,7% се жени а 46,3% се мажи.

4.3. Изработена процедура и акциски план за подобрување на внатрешната комуникација

Добрата внатрешна комуникација е клучна за успешно функционирање на локалната власт. Таа е основа за постигнување подобри резултати, ефективно извршување на плановите и подобрување на целокупниот институционален капацитет на општината, односно капацитетот на општината да ги извршува своите надлежности.

Внатрешната комуникација ги опфаќа сите видови формална и неформална комуникација која се одвива во рамки на една институција на различни нивоа, а чија главна цел е постигнување подобра ефикасност во работењето и остварување на стратешките цели.

На елементарно ниво, внатрешната комуникација треба да им ги обезбеди основните информации на вработените со цел тие да можат успешно да ги извршуваат своите работни задачи и на тој начин, да придонесат во постигнувањето на програмските и стратешките цели на институцијата, но и да му овозможат на раководството да го добие потребниот фидбек од вработените, за да ги носат вистинските одлуки.

Имајќи го предвид значењето на внатрешната комуникација и нејзиното влијание за да се постигне целта општината да биде високоуспешна и да се унапреди комуникацијата која треба да е ефикасна, професионална, навремена и непречена и да го зголеми протокот на информации, Општина Виница изработи Процедура за внатрешна комуникација и Акциски план, документи поддржани од Проектот на УСАИД за зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите.

Со оваа Процедура се стандардизираат начините, обемот, формата и чекорите за внатрешна комуникација меѓу сите вработени, на сите хиерархиски нивоа во Општина Виница. Сите општински службеници се должни да ја почитуваат и спроведуваат оваа Процедура.

Изработката на Процедурата за внатрешна комуникација на Општина Виница е прв документ од ваков вид во којшто се нотирани основните принципи и алатки за внатрешна комуникација на сите нивоа, а како дополнување на документот, изработен е и Акциски план за внатрешна комуникација со дефинирани активности, временски рокови и одговорни лица. Овие документи се во насока на подобрување на протокот на информации и нивна достапност до сите организациски единици и надминување на досегашната практика, внатрешната комуникација, генерално, да се одвива реактивно, како одговор на одредена криза или како подготовка за некој важен настан за којшто раководството смета дека треба да ги информира вработените и да ги вклучи во неговото спроведување.

5. Принципи на комуницирање со јавноста

1. Комуникација со јавноста заснована на активна транспарентност под која се подразбира

- Активната транспарентност подразбира објавување информации за поширокаа јавност на иницијатива на Општината, без притоа за тие информации некој да има доставено до нив официјално барање за слободен пристап до информации од јавен карактер;
- Објавување на информации за планирани активности од сите сектори и одделенија во општината и резултати од истите
- Објавување на информации за состаноци и заклучоци од Советот
- Објавување на информации за потпишани иницијативи, проекти и меморандуми за соработка
- Објавување на посебни обраќања од Градоначалникот на општината
- Објавување на статистички пдатоци кои произлегуваат од надлежностите од секторите/одделенија согласно Законот за локална самоуправа
- Информации за регулативата и за одлуките на властите со што се остварува правото на жените, мажите, девојчињата и момчињата да бидат информирани за своите права и обврски во општеството, на локално и национално ниво;
- Специфични Информации коишто се потребни на жените, мажите, девојчињата и

момчињата за да бараат одговорност од властите на локално и национално ниво;

• Информации коишто им се неопходни на жените, мажите, девојчињата и момчињата да можат да учествуваат во процесот на донесување одлуки на локално ниво;

• Информации коишто се потребни на жените, мажите, девојчињата и момчињата да можат да пристапат кон и да ги користат услугите кои ги нудат јавните институции.

Проактивно објавените информации треба да бидат лесно достапни и разбирливи, да можат да се употребат, да бидат релевантни и разбирливи. При објавување на статистички податоци, согласно можностите да бидат разделени по пол и возрасни групи, како и редовно да се ажурираат.

Со објавување на информации на проактивна основа , Општина Виница ќе остварува корист по неколку основи:

-активната транспарентност ќе помага за поодговорно трошење на јавните пари;

-ќе се промовираат принципите на добро владеење и интегритет;

-институцијата ќе биде поефикасна, бидејќи подоброќе управува со информациите со коишто располага;

-се дава придонес во борбата со лажните вести-вистинска и точна информација наспроти лажните и непроверени информации;

-придонесува кон родово и одговорно буџетирање;

-заштита од дискриминација;

-отворено се поддржува борбата против корупцијата.

Во насока на обезбедување на активната транспарентност, следните податоци ќе бидат ажурирани и објавени на веб страната на општината (https://www.vinica.gov.mk/)

• Активната транспарентност подразбира едноставен и брз пристап до информации од Општина Виница:

-на веб-страната се објавуваат информации за градоначалникот, секретарот на општината и советниците во Советот на Општина Виница со нивните биографии;

-на веб- страната има посебен оддел за пристап до информации, кој ќе се наоѓа на основното мени, на почетната страна;

-на веб-страната има објавена листа на информации со кои располага институцијата;

-да се објават прописи кои се однесуваат на надлежноста на општината како имател на информации;

-да се објават предлог програми, програми, стратегии, студии и други документи во надлежност на општината;

-општината објавува информации и статистички податоци за своите надлежности;

-објавување на Статутот на Општината,

-објавување на сите тековни стратегии на Општината;

-каде е можно групните податоци ќе се објавуваат разделени по пол согласно членот 18 од Законот за еднакви можности, каде е нотирано дека и единиците на локалната самоуправа се должни да прибираат, евидентираат и обработуваат статистички податоци и се должни овие податоци да ги прикажуваат според полова припадност.

• Активната транспарентност подразбира пристап до информации за надлежноста и за услугите на Општината. Тоа значи објавување на:

-општински информатор;

-дневните редови за седниците на Советот на Општината;

-одлуките на Советот на Општината;

-организациската структура(шема, органограм) на Општината;

-имињата на вработените/раководителите (со контакти);

-решенија во управна постапка;

-информативен билтен или друг облик на информирање.

• Буџетска и финансиска транспарентност се постигнува со информирање за:

-Буџетот на Општината;

-буџетски календар,

-завршна сметка на Буџетот;

-квартални извештаи за извршување на Буџетот во претходната година;

-огласи за јавни набавки;

-тендерски документации за огласите;

-годишен план за јавни набавки за претстојната година;

-известување за склучени договори од јавни набавки.

• Активната транспарентност, значи лесен и едноставен пристап до информации за специфичните надлежности на општините што значи објавување информации за:

-работа на органите на општината, комисиите на Советот и јавните служби за плановите и

програмите кои се од значење за развојот на општината;
-ГУП и ДУП-ови;
-урбанистичко планирање, одобренија и градби;
-заштита на животната средина;
-локален економски развој;
-комуналните дејности;
-културата;
-спортот и рекреацијата;
-социјална заштита и заштита на децата;
-образованието;
-здравствената заштита;
-мерките за заштита од непогоди и спасување на граѓаните;
-противпожарназаштита;
-надзорот на вршењето на работите од надлежност на Општината;
-надоместок за уредување на градежно земјиште;
-еднакви можности за жените и мажите.

2. Комуникација со јавноста заснована на одговорност - тесно поврзана со транспарентноста, што значи институционална меѓусебна поврзаност на повеќе чинители надлежни во соодветни области, како основа врз која одговараа за преземените или, пак, за непреземените дејствија, односно за неуспешно извршување на зададените цели. Одговорноста на органите на локалната самоуправа може да биде хоризонтална или вертикална. Хоризонталната одговорност се однесува на институционалната врска меѓу органите, со што се обезбедува контрола, додека, пак, вертикалната одговорност се однесува на врските со граѓаните, односно на одговорноста на органите на локалната самоуправа кон граѓаните.

3.Комуникација со јавноста заснована на отчетност. Ова значи дека институциите преземаат одговорност, ги објаснуваат своите постапки и одлуки, се грижат и даваат јасни одговори на барањата од граѓаните и од засегнатите страни. Обезбедени се механизми за поднесување поплаки, за пријавување неправилности и за обжалување одлуки, но претставува и преземање соодветни и конкретни дејствија врз основа на барањата на засегнатите страни. Одговорна општина проактивно бара сугестии и повратни информации од граѓаните, укажувајќи им кога нивните придонеси се вклучени во конечните одлуки и објаснувајќи зошто другите предлози се отфрлени.

4. Комуникација со јавноста заскована на инклузивност и партиципативност- значи дека граѓаните и засегнатите страни имаат можност да влијаат врз активностите и одлуките на општината, така што со сво гледиште, безбедно, еднакво и без дискриминација ќе придонесат во сите фази од циклусот на креирање и носење јавниполитики и обезбедување јавни услуги. Во таа смисла, инклузивноста и парципативноста во Програмата подразбираат креирање услови што ќе овозможат широк опфат информирани граѓани, чии гледишта консултативно ќе се земаат предвид при носење политики и одлуки. Инклузивноста и партиципативноста ја подобруваат ефикасноста на управувањето и квалитетот на донесените одлуки. Јавните институции може да имаа само корист од пристапот до знаењето што постои во општеството и е распространето меѓу граѓаните, академијата, медиумите, невладиниот и бизнис секторот. Оттаму граѓаните и зеинтересираните субјекти треба да имаат поширока можност за учество во креирањето политики, но треба и да се поттикнуваат на свој активен придонес. Проактивното, унифицирано и лесно објаснување податоци, позитивно влијае врз партиципативноста. Ако граѓаните имаат навремени и релевантни информации за процесите што се одвиваат во Општината и во другите јавни органи, тогаш е поверојатно дека ќе им се зголеми пртиципативноста во креирањето јавни политики и во носењето релевантни одлуки.

5. Интегритет – значи дека сите нивоа на локалната власт, доследно се придржуваат и ги практикуваат законите, правилата, нормите и етичките стандарди од својот делокруг, активностите се насочени од споделени етички вредности, принципи и норми, така што пиоритет им е – јавниот интерес пред приватниот интерес.

6. Целни групи

1. Граѓаните на Општина Виница; 2. Медиуми (локални, регионални и национални); 3. Урбани и месни заедници; 4. Граѓански здруженија и организации; 5. Бизнис заедница; 6. Општинска администрација; 7. Земјоделци; 8. Потенцијални инвеститори; 9. Невработени; 10. Граѓански сектор; 11. Културни работници и

